РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2138/1
04-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-та седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-3217/1 од 26.12.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапката за вработување на ---------, на работно место од ниво Б1 - Советник на Директорот на ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК оцени дека не постојат услови за натамошно постапување во рамки на нејзините надлежности и одлучи предметот да го достави на натамошно надлежно постапување до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-3217/1 од 26.12.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител, на ден 26.12.2024 година, е поднесена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапката за вработување на -------, на работно место од ниво Б1 - Советник на Директорот на ------, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3217/1 од 26.12.2024 година.
Имено, во пријавата се наведува дека посоченото лице не ги исполнувало условите утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во ------ и во Јавниот оглас бр. ----- објавен од -----, по која спроведена постапка била донесена Одлука за избор со број ------. Во пријавата се наведува дека лицето ------ има завршено земјоделски факултет и по струка е дипломиран инженер -агроном.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара податоци и информации од ------- и воедно од Државниот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

инспекторат за труд побара да изврши вонреден инспекциски надзор по однос на споменатата постапка за вработување на посоченото лице во -------.

По разгледување на прибавената документација доставена од ------ е утврдено следното:

На 31.12.2024 година Директорот на ------ објавил јавен оглас за вработување на -- извршители на определено работно време, (со број ------- од --.--.2024 година) поради зголемен обем на работа до крајот на јуни во тековната фискална година (2025).

Во точката 1 од Огласот е објавена потребата за вработување на двајца извршители на работно место од ниво Б1 - Советник на Директорот на -----. Како посебни услови за ова работно место се наведени Ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, високо образование, активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и најмалку четири години работно искуство на ----- работи или во струката.

Од увидот во доставената документација констатирано е дека лицето ------- има завршен Земјоделски факултет на Универзитет Гоце Делчев – Штип (Диплома бр. ------- од 23.08.2016 г) и се стекнал со стручно звање дипломиран инженер агроном-агроменаџер.

Во Прегледот на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување заклучно со 06.08.2024 г издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за именуваниот работник е констатирано дека ова лице има пријавен работен однос во периодот од 30.12.2016 до 04.08.2020 г. како ------, од 05.08.2020 до 04.08.2021 г. како ------ на апанажа, од 01.10.2021 до 30.06.2022 г, на работно место менаџер, од 01.09.2022 до 31.10.2024 г. на работно место комерцијален службеник.

Со Решение број ------ од 09.01.2025 г. формирана е комисија за селекција и избор. По извршеното бодирање на резултатите од спроведеното интервју комисијата изготвила записник со број ------ од 13.01.2025 г. со предлог кој да биде избран од кандидатите и истиот го доставила до директорот. Ова лице било предложено како најдобар кандидат за работното место Советник на директорот.

Врз основа на донесената Одлука за избор со број ----- од 13.01.2025 г, истиот ден, лицето -------- склучил договор за вработување на определено време од 15.01.2025 до 30.06.2025 година на работно место Советник на Директорот. Ова лице склучило договор за вработување на определено време и во периодот од 01.07.2025 до 04.08.2025 година на истото работно место, за да почнувајќи од 05.08.2025 година да склучи договор на неопределено време на работно место Советник.

По доставено барање на ДКСК, постапи и Државниот инспекторат за труд кој по извршени вонредни инспекциски надзори до ДКСК достави записници со утврдената фактичка состојба, каде е наведено следното:

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ------- број ------- донесен на 07.08.2024 г , во делот на видот на образование е предвидено високо образование.

На пријавениот оглас, лицето ------- доставил Диплома за завршен Земјоделски факултет на Универзитет Гоце Делчев – Штип со стручно звање дипломиран инженер агроном-агроменаџер. Инспекторатот констатирал дека работникот ------- го исполнил условот во поглед на видот на образованието, предвиден во споменатиот Правилник.

Исто така, Инспекторатот утврдил дека споменатото лице било во работен однос во период од 30.12.2016 до 04.08.2020 г. како -----, од 05.08.2020 до 04.08.2021 г. како ------ на апанажа, во периодот од 01.10.2021 до 30.06.2022 г, на работно место менаџер, од 01.09.2022 до 31.10.2024 г. комерцијален службеник од 01.11. до 31.12.2024 г. на работно место советник во -------.

Иако ДКСК во два наврати побара од Државниот инспекторат за труд да ја утврди фактичката состојба во насока на тоа дали вработеното лице ги исполнило условите за вработување кои се барале во огласот во целост, вклучително и посебниот услов, лицето да има најмалку четири години работно искуство на ------- работи или во струката, во Записникот на Инспекторатот беа наведени само податоци, без нивна констатација за исполнетоста на овој услов.

Имајќи ги предвид наведените констатации кои произлегуваат од утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека постојат основи предметот да го достави на надлежно постапување до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: К.З, раководител на одделние
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar